Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.27/14,199/14,27/16,35/18,198/18 и Сл.весник на РСМ бр.143/19), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 14. 12. 2021 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

Член 1

Со Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија бр. 02-15382/2 од 14.09.2015 година, бр.02-19053/1 од 11.11.2015 година, бр.02-3799/1 од 09.03.2016 година, бр.02-3304/3 од 28.02.2018 година, бр.02-8486/1 од 07.06.2018 година, бр.02-10240/1 од 11.07.2018 година, бр.02-13635/1 од 21.09.2018 година, бр.02-14270/1 од 08.10.2018 година, бр.02-15270/1 од 26.10.2018 година, бр.02-17714/1 од 28.10.2019 година, бр.02-8331/1 од 22.06.2020 година, бр.02-3093/1 од 25.02.2021 година, бр.02-4872/1 од 05.04.2021 година и бр.02- 16416/1 од 19.11.2021 година.

Член 2

Во **Подрачна служба Струга,** во глава "II.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИИ, АНАЛИЗА, КОНТРОЛА И ТРЕЗОРСКО РАБОТЕЊЕ" во точката "26.ФЗО0102В02002" која гласи: "Стручен соработник за следење на болничка здравствена заштита" во делот на видот на образование "Економски науки, јавна администрација" се менува и **гласи "Економски науки, јавна администрација, организациони науки и управување (менаџмент)".**

Член 3

Во **Подрачна служба Куманово,** во глава "I. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАДОМЕСТОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ПРАВНО АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ" во точката "9.ФЗО0102Г03001" која гласи: "Референт за пресметување и контрола на надоместок на боледување" во делот на видот на образование "Економско, гимназија" се менува и **гласи "Средно економско, средно гимназија".**

Член 4

Во **Подрачна служба Дебар,** во точката "8.ФЗО0102Г03001" која гласи: "Референт за облог со придонес" во делот на видот на образование "Економско, гимназија" се менува и **гласи "Средно економско, средно гимназија".**

Член 5

Во **Подрачна служба Берово,** во глава "I. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО" во точката "14.ФЗО0102Г03001 "која гласи: "Референт за следење на специјалистичко консултативна болничка здравствена заштита" во делот на видот на образование "Економско, гимназија" се менува и **гласи "Средно економско, средно трговско".**

Член 6

Во **Подрачна служба Виница,** во точката "4.ФЗО0102Г03001" која гласи: "Референт за пријави, одјави, боледувања и ортопедски помагала" во делот на видот на образование "Економско, гимназија" се менува и **гласи "Економско, средна стручна спрема".**

Член 7

Во **Подрачна служба Велес,** во глава "III.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АНАЛИЗА И КОНТРОЛА" во точката "22.ФЗО0102Г03001"која гласи: "Референт за следење на основните здравствени услуги во примарна здравствена заштита" во делот на видот на образование "Економско, гимназија" се менува и **гласи** "Економско, биотехнологија".

Член 8

Во **Подрачна служба Скопје,** во точката "4А.ФЗО0102Г03001"која гласи: "Оператор за корисничка поддршка" во делот на видот на образование "Вишо-електротехничко" се менува и **гласи** "Средно електро, средно економско".

Член 9

Во **Подрачна служба Прилеп,** во глава "II.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИИ И ТРЕЗОРСКО РАБОТЕЊЕ" во точката "15.ФЗО0102Г03001"која гласи: "Книговодител-контер и трезорско работење" во делот на видот на образование "Економско" се менува и **гласи** "Средно економско, средно трговско".

Член 10

Во **Подрачна служба Гевгелија,** во точката "3-А.ФЗО0102В04001"која гласи: "Соработник за права од здравствено осигурување и регрес" во делот на видот на образование "Правни науки, економски науки, организациски науки и управување(менаџмент)" се менува и **гласи** "Правни науки, организациски науки и управување(менаџмент), индустриско инженерство и менаџмент".

Член 11

Во **ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РСМ,** во глава "II. СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ" во "II.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ" во точката "8.ФЗО0102В01001"која гласи: "Стручен соработник за управување со човечки ресурси и извршување на активности за превенција и справување со кризна состојба" во делот на видот на образование "Правни науки, економски науки, организациски науки и управување(менаџмент)" се менува и **гласи** "Правни науки, политички науки, организациски науки и управување(менаџмент)".

Член 12

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по претходно добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за здравство.

02- 18102/1
15 -12- 2021

УПРАВЕН ОДБОР/KESHILLI DREJTUS
Претседател/Kryetar
Ridvan Asani

Изготвил: Куштрим Халили/ Kushtrim Halili
Контролирал: Фатиме Идризи/Fatime Idrizi
Согласен: ДИРЕКТОР, Стево Крстевски
ДИРЕКТОР/DREJTOR, Faton Ahmeti, Mr.sc., MBA